Бр./Nr 12-1901/1
05-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-вата седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2117/1 од 11.08.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во спроведување на постапка по јавен оглас за вработување на наставници во учебната 2025/2026 година во СОУ /// – ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Државниот просветен инспекторат.

Предметот со број 12-2117/1 од 11.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 11.08.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во спроведување на постапка по јавен оглас за вработување на наставници во учебната 2025/2026 година во СОУ /// – /// и оформен е предмет број 12-2117/1 од 11.08.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на постапката по јавен оглас за вработување на наставници за учебната 2025/2026 година во СОУ /// – ///, објавен на 25 јули 2025 година.

Според наведеното во пријавата, на донесувањето на одлуката за избор на кандидати ѝ претходело доведување во заблуда на наставниците кои во училиштето биле вработени на определено време, со што бил изнуден прекин на нивниот работен

ангажман, а во постапката по огласот конкретни кандидати наводно биле фаворизирани.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување на податоци и информации до Државниот просветен инспекторат.

Од податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Претставка со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК била доставена до Државниот просветен инспекторат, по што на ден /// година над субјектот СОУ /// - /// бил извршен вонреден инспекциски надзор и бил составен Записник /// од /// година.
Од содржината на Записникот /// од /// година од извршениот инспекциски надзор произлегува следното:
По добиена Согласност бр./// од /// година од Министерството за образование и наука, за вработување на лица на определено работно време во учебната 2025/26 година, директорот на СОУ /// - /// донел Одлука бр./// од /// година, за распишување оглас за засновање на работен однос на определено работно време, за повеќе работни места, меѓу кои две работни места за позицијата наставник по ///. Огласот бил објавен во два дневни весника, во времетраење од три дена, по чие завршување, на ден /// година, Училишниот одбор одржал состанок на кој Комисијата за спроведување на постапката по огласот се изјаснила дека нема забелешки во однос на неговото распишување и спроведување, по што до директорот на училиштето на /// година била доставена предлог-одлука за засновање на работен однос на определено работно време за учебната 2025/26 година. Истиот ден директорот на СОУ /// - /// донел одлука за избор, според која за прием на работници на определено работно време за работното место наставник по /// биле избрани кандидатите /// (за 20 наставни часа неделно, со полно работно време) и /// (за 20 наставни часа неделно, со полно работно време).
При извршениот инспекциски надзор државниот просветен инспектор не утврдил неправилности.
Видно од содржината на Записникот /// од /// година на Државниот просветен инспекторат, за работното место наставник по /// биле пријавени тројца кандидати. Државниот просветен инспектор утврдил дека кандидатот којшто не бил избран немал приложено Уверение за положена педагошко-психолошка и методска подготовка, а завршеното високо образование не било од наставна насока.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До подносителот на претставката по која постапувал Државниот просветен инспекторат, кој е подносител и на пријавата до ДКСК по која ДКСК го има оформено предметот број 12-2117/1 од 11.08.2025 година, Државниот просветен инспекторат на 25.08.2025 година доставил Известување за констатираната состојба при инспекцискиот надзор, во кое е изнесено дека подносителот на пријавата со СОУ /// – /// имал склучено договор за вработување на определено време од 25.12.2024 година, со важност до 31.08.2025 година, и дека на 28.07.2025 година поднел изјава со која барал да му престане работниот однос, што е во доменот на надлежности на Државниот инспекторат за труд, кој за истото треба да се произнесе.

Имајќи предвид дека во врска со пријавените наводи постапил Државниот просветен инспекторат согласно неговите законски надлежности по што подносителот на пријавата бил известен за констатираната состојба по извршениот надзор и за тоа дека Државниот инспекторат за труд треба да се произнесе во доменот на неговите надлежности, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија